


**КИБС ЦЕЛОСНО ПОДГОТВЕН ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА ИНСТАНТ ПЛАЌАЊА ВО МАКЕДОНИЈА СОГЛАСНО НОВАТА ЕУ РЕГУЛАТИВА**

На 9 јануари 2025 година стапи на сила нова ЕУ регулатива https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=OJ:L_202400886 што се однесува на инстант плаќањата и со којашто банките и давателите на платежни услуги во земјите од ЕУ и ЕЕА се обврзани да примаат инстант плаќања во евра, а од октомври годинава треба да бидат во можност и да иницираат ваков тип плаќања. Регулативата исто така ги усогласува правилата и стандардите за овие плаќања, обезбедувајќи интероперабилност и безбедност меѓу различните шеми и системи за плаќање.

Регулативата е исклучително значајна имајќи ги предвид бројните придобивки на инстант плаќањата, како што се зголемена удобност и брзина за корисниците, намалени провизии, зголемена конкуренција и иновација на пазарот за плаќања, како и подобрено задоволство и лојалност на клиентите.

*“КИБС, како единствен лиценциран оператор на платен систем во земјата, кој во изминативе 23 години беспрекорно врши процесирање на мали меѓубанкарски плаќања, континуирано ги следи новините и светските практики во доменот на плаќања. Согласно на тоа, во последните неколку години посветено работеше и успешно го постави системот за инстант плаќања. Со новата ЕУ регулатива банките и давателите на платежни услуги во земјите од ЕУ и ЕЕА се обврзани да примаат инстант плаќања во евра, а од октомври годинава треба да бидат во можност и да иницираат ваков тип плаќања. Покрај тоа што предметната регулатива сè уште не е транспонирана во домашното законодавство, КИБС е подготвен и веќе ја постави централната платформа за домашни инстант кредитни трансфери, со што се создадени услови Република Македонија да е целосно усогласена со предметната ЕУ регулатива” информираат од Дирекцијата за платни системи и поврзани услуги во КИБС АД Скопје.*

Системот е целосно усогласен со правилата на СЕПА шемата за инстант плаќањата и европската регулатива, со можност за поврзување со СЕПА за прекугранични трансакции, а за граѓаните, бизнис-заедницата и државата овој тип на плаќања носи бројни придобивки.

Првите банки веќе ја започнаа интеграцијата со системот за инстант плаќања кој ќе биде поставен во продукција по добивањето на соодветна лиценца од НБРМ.

Реализацијата на инстант трансферите е 24/7, 365 дена во годината и за време пократко од 10 секунди, без оглед на тоа дали сметката на плаќачот и примачот се во иста или различна банка, односно платежна институција. Ова претставува уникатна предност во однос на останатите типови на платежни трансфери во земјата. Понатаму, бизнисите, особено малите и средни компании, користејќи ваков тип на трансфери имаат можност да ја подобрат својата ликвидносна позиција преку наплата без одложување и да ја намалат потребата од краткорочни ликвидносни позајмици. Исто така, инстант плаќањата отвораат можности за поефикасна наплата на фактури, сметки, како и обврски кон државата.

Придобивките, достапноста и едноставноста при извршување на инстант плаќањата, овозможуваат вклучување на нови учесници во финансиските текови и со тоа намалување на готовината во оптек, како и намалување на трансакциските трошоци поврзани со истата.

КИБС и понатаму посветено ќе работи да биде водечка компанија за испорака на услуги од меѓубанкарски интерес, услуги за потребите на државата и бизнис заедницата. Покрај тоа што предметната ЕУ регулатива сè уште не е транспонирана во домашното законодавство, КИБС е подготвен и веќе ја постави централната платформа за домашни инстант кредитни трансфери, со што се создадени услови Република Македонија да е целосно усогласена со неа.